# ЗАКОН ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ

**"Сл. весник на Р Македонија" бр.69/04 од 07.10.2004 година**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува идентификацијата и регистрацијата на фармските и другите животни.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

- **"животно"** е секое фармско или "друго" животно;
- **"фармско животно"** е домашно животно од видот говеда, вклучувајќи ги видовите биволи (Bubalus bubalis) и бизони (Bison bison), овци, кози, свињи и копитари;
- **"друго животно"** е животно кое не е опфатено со терминот "фармско животно" од видовите кои не се дефинирани во алинејата 2 од овој член, кое треба да се идентификува и регистрира според овој закон во зависност од околностите;
- **"одгледувач"** е сопственик или кое било правно или физичко лице овластено од сопственикот и одговорно за трајно или привремено чување на животните;
- **"одгледувалиште"** е каков било објект, градба или во случај на отворено, какво било место во кое животните опфатени со овој закон се чуваат, одгледуваат или држат;
- **"Централен регистар на одгледувалишта на животни"** е регистар на сите одгледувалишта за животните од видовите говеда, овци, кози, свињи, а по потреба и на други видови животни кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија кој содржи податоци определени со овој закон и во кои се внесуваат сите промени кои се случуваат на одгледувалиштата;
- **"регистар на одгледувалиште"** е посебен регистар за секое одгледувалиште и за сите животни, кој содржи податоци определени со овој закон и во кој се внесуваат сите промени кои се случуваат на одгледувалиштето;
- **"компјутерска база на податоци"** е централна база на податоци за животни од видовите говеда, овци, кози, свињи, а по потреба и на други видови животни која содржи податоци определени со овој закон и
- **"документи за движење"** се пасош и други документи со кои животните од видовите говеда, овци, кози, копитари, а по потреба и на други видови животни, треба да бидат пропратени при нивното движење надвор од одгледувалиштето заради нивна идентификација и регистрација.

**Член 3**

Целите на овој закон се:
- подобрување на контролата и искоренувањето на болестите кај животните,
- подобрување на надзорот и ефикасноста на ветеринарните прегледи при увозот и извозот на животните,
- подобрување на следењето на животните и одгледувалиштата во однос на мерките за епидемиолошки надзор и контрола на резидуи,
- подобрување на контролата на благосостојбата на животните,
- подобрување на спроведувањето на програмите за поттикнување на развојот на земјоделството,
- обезбедување на податоци за ветеринарните и зоотехничките студии и програми и
- обезбедување на база на податоци за обележување на говедско месо и месо од други видови животни, како и на производи од месо.

## II. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИ

### 1. Општи одредби

**Член 4**

(1) Системот за идентификација и регистрација на фармските животни го сочинуваат:

1) средства за поединечна идентификација на животните од видовите говеда, овци, кози и копитари;
2) регистри на одгледувалишта за животните од видовите говеда, овци, кози и свињи кои се водат на секое одгледувалиште;
3) документи за движење на животните од видовите говеда, овци, кози и копитари;
4) компјутерска база на податоци за животните од видовите говеда, овци, кози и свињи и
5) Централен регистар на одгледувалишта на животни од видовите говеда, овци, кози и свињи.

(2) Идентитетот на фармските животни се утврдува со средствата за идентификација и документите за движење.

(3) Животните од видовите говеда, овци и кози мора да се идентификуваат во рок утврден со овој закон. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одобри во случај на елементарни непогоди, вонредна состојба, виша сила, војна и слично да се продолжи максималниот период од раѓањето до идентификацијата, за животните од видовите говеда, овци и кози, но не подолго од шест месеца од раѓањето.

### Централен регистар на одгледувалишта на животни

**Член 5**

(1) Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, воспоставува и води Централен регистар на

одгледувалишта на животни од видовите говеда, овци, кози и свињи и, доколку е потребно, ги регистрира сите одгледувалишта на "други животни".
(2) Централниот регистар на одгледувалишта на животни ги содржи следниве податоци за секое одгледувалиште:
- идентификацискиот код на одгледувалиштето,
- видовите на животни, како и бројот на животните кои се чуваат на одгледувалиштето,
- одгледувачите и
- видот на производство.
(3) Секој одгледувач на животни од видовите од ставот (1) на овој член мора да го регистрира одгледувалиштето во Управата за ветеринарство која издава единствен код за идентификација на одгледувалиштето.
(4) Секое одгледувалиште мора да остане регистрирано во Централниот регистар на одгледувалишта на животни во рок не пократок од три години од напуштањето на сите животни од одгледувалиштето.
(5) Бројот на животните во одгледувалиштето мора тековно да се ажурира.
(6) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ја пропишува, формата, содржината, начинот и постапката на водење на Централниот регистар на одгледувалишта на животни.

## 2. Идентификација и регистрација на животните од видот говеда

## Средства за идентификација - ушни маркици

### Член 6

(1) Секое животно од видот говеда мора да се идентификува со ушни маркици одобрени од Управата за ветеринарство и аплицирани на секое уво.
(2) Одгледувачот е одговорен за навремено обележување и регистрација на животните.
(3) Ушните маркици одобрени од Управата за ветеринарство имаат ист, единствен код за идентификација, со што се овозможува да се идентификува секое говедо поединечно, како и одгледувалиштето во кое било родено.
(4) Ушните маркици мора да им бидат аплицирани на животните во период не подолг од 30 дена од раѓањето на животното и во секој случај пред животното да го напушти одгледувалиштето во кое било родено.
(5) Секое увезено животно од видот говеда, кое го поминало ветеринарниот преглед на граничната ветеринарна инспекција мора да се идентификува во првото одгледувалиште на истовар во Република Македонија, со ушни маркици во согласност со барањата од овој член, во период не подолг од 30 дена од ветеринарниот преглед на граничната ветеринарна инспекција и во секој случај пред напуштањето на одгледувалиштето.
(6) Оригиналната идентификација воспоставена од земјата на потекло, треба да се регистрира во компјутерската база на податоци, како и во

регистарот на одгледувалиштето.
(7) По исклучок од ставот (5) на овој член, животното од видот говеда не е потребно да се идентификува, доколку директно се транспортира од граничен премин до кланицата, каде што е извршен ветеринарен преглед и животното е заклано во согласност со Законот за ветеринарно здравство.
(8) Секое увезено животно кое потекнува од земја во која се применува системот за идентификација и регистрација на говеда на ЕУ, ги задржува оригиналните ушни маркици.
(9) Ушните маркици не смеат да бидат отстранети или заменети без дозвола на Управата за ветеринарство. Доколку ушната маркица станала нечитлива, насилно е оштетена или изгубена, одгледувачот мора да ја извести Управата за ветеринарство во најкраток можен рок, но не подолг од седум дена од денот на забележувањето на настанот. Во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето, Управата за ветеринарство издава замена која го има истиот код, под услов да утврди дека ушната маркица припаѓала на тоа животно. Како додаток на кодот, за да се разликува од претходната ушна маркица, замената мора да содржи ознака за редниот број на замената.
(10) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ги пропишува формата и содржината, како и рокот и начинот на апликација на средствата за идентификација на животните од видот говеда.

## Регистар на одгледувалиште

## Член 7

(1) Секој одгледувач на животни од видот говеда, мора да води тековно надополнет регистар на одгледувалиште, рачно или компјутерски кој ги содржи сите информации кои се однесуваат на потеклото, идентификацијата и каде е потребно, дестинацијата на животните, кои одгледувачот ги поседувал, држел, транспортирал, продал, набавил или заклал. Одгледувачот мора да ја извести Управата за ветеринарство за сите движења на животните во и од одгледувалиштето, како и за сите раѓања и смрт на животните во одгледувалиштето, заедно со датумите на овие настани во најкраток можен рок, но не подолг од седум дена од денот на забележувањето на настанот.
(2) Регистарот на одгледувалиште мора секогаш да е достапен на одгледувалиштето на барање на Управата за ветеринарство. Податоците од регистарот на одгледувалиштето се чуваат во период кој го одредува Управата за ветеринарство, но не пократок од три години од денот кога последното животно го напуштило одгледувалиштето.
(3) По исклучок од ставот (1) на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одобри во случаите од членот 4 став (3) на овој закон да се продолжи максималниот период од појавувањето на настанот до внесувањето во регистарот или до известувањето на Управата за ветеринарство, но не подолго од шест месеца.
(4) Заради следење на движењето на говедата од одгледувалиштата до

пасишта лоцирани во планински подрачја за периодот од 1 мај до 15 октомври, секое пасиште лоцирано во планинско подрачје мора да има посебен регистарски код и да биде регистрирано во компјутерската база на податоци.
(5) Лицето одговорно за пасиштето од ставот (4) на овој член, мора да води листа на говедата кои се изнесуваат на летна испаша на тие пасишта. Листата мора да биде потврдена од ветеринарниот инспектор одговорен за тоа подрачје. Лицето одговорно за пасиштето мора да ја известува компјутерската база на податоци за податоците содржани во листата, како и за сите настани кои се случуваат во периодот додека животното е на пасиштето, најдоцна во рок од седум дена од датумот на кој животните биле преместени на пасиштето и од појавувањето на настанот.
(6) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ја пропишува формата, содржината, начинот и постапката на водење на регистарот на одгледувалиште.

## Документи за движење

## Член 8

(1) За секое говедо кое мора да се идентификува, Управата за ветеринарство издава пасош во рок од 35 дена по известувањето за неговото раѓање или во случај на увезено говедо, во рок од 35 дена по пријавувањето на повторната идентификација.
(2) Во случаи кога увезените животни се обележани според законската регулатива за идентификација и регистрација на говеда на ЕУ, пасошот кој го следи животното се предава на Управата за ветеринарство, кој истиот го враќа на земјата која го издала.
(3) Говедото при секое движење треба да е пропратено со пасош.
(4) Во случај на смрт на животното, одгледувачот мора да го врати пасошот на Управата за ветеринарство во рок од седум дена по смртта на животното. Доколку животното се испраќа во кланица, кланицата е одговорна за враќање на пасошот на Управата за ветеринарство.
(5) При извоз на говеда пасошот го следи животното во земјата увозник.
(6) Во случај пасошот да е изгубен, оштетен, нечитлив, уништен или украден, одгледувачот на говеда мора да побара дупликат на пасошот, не подоцна од седум дена од забележувањето на настанот. Управата за ветеринарство ќе издаде дупликат на пасошот во најкраток можен рок, кој не може да биде подолг од седум дена, во кој се наведува редниот број на дупликатот, додека оригиналниот пасош повеќе не е валиден. Оштетениот и нечитлив пасош мора да се врати на Управата за ветеринарство.
(7) Доколку теле помладо од 42 дена се движи од едно во друго одгледувалиште и доколку за него не е издаден пасош, Управата за ветеринарство за него ќе издаде привремен документ што ќе ги содржи податоците кои се содржани во пасошот.
(8) Одгледувачот е должен документот од ставот (7) на овој член да го предаде на Управата за ветеринарство кога животното ќе наполни 42 дена или во рок од седум дена во случај на смрт на животното пред да

наполни 42 дена. Доколку телето се уште е живо, Управата за ветеринарство ќе издаде пасош во рок од 14 дена по приемот на привремениот документ. Во пасошот се запишуваат податоците за сите движења на телето наведени во привремениот документ.
(9) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ја пропишува формата, содржината и начинот и постапката за издавање и одземање на документите за движење.

### Компјутерска база на податоци

### Член 9

(1) Управата за ветеринарство ќе воспостави компјутерска база на податоци согласно со овој закон, која ги содржи податоците за секое животно од видот говеда и за секое одгледувалиште.
(2) Базата на податоци мора во секое време да ги овозможи следниве информации:
- идентификацискиот код на сите животни од видот говеда на секое одгледувалиште и
- листа на сите промени на одгледувалишта за секое животно од видот говеда, почнувајќи од одгледувалиштето во кое било родено или одгледувалиштето во кое е увезено.

(3) Податоците од ставот (1) на овој член мора да се чуваат во базата на податоци најмалку три години од смртта на говедото, односно од моментот кога во одгледувалиштето повеќе нема животни.
(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ја пропишува, формата, содржината, начинот и постапката на водење на компјутерската база на податоци.

## 3. Идентификација и регистрација на животните од видовите овци и кози

### Средства за идентификација - ушни маркици

### Член 10

(1) Секое животно од видовите овци и кози мора да се идентификува со ушни маркици одобрени од Управата за ветеринарство. Животните помлади од шест месеца мора да бидат обележени со ушна маркица аплицирана на едно уво, додека животните постари од шест месеца мора да бидат обележени со дополнителна ушна маркица на другото уво.
(2) Ушната маркица за овци и кози помлади од шест месеца се аплицира во период не подолг од 30 дена од раѓањето на животното и во секој случај пред животното да го напушти одгледувалиштето во кое било родено. Ушната маркица одобрена од Управата за ветеринарство го содржи кодот на одгледувалиштето во кое е родено животното.
(3) За овци и кози постари од шест месеца, покрај постоечката ушна маркица им се аплицира додатна ушна маркица на другото уво, во период

не подолг од 30 дена откако животното ќе наполни шест месеца. Додатната ушна маркица одобрена од Управата за ветеринарство го содржи единствениот код за идентификација со што се овозможува да се идентификува секое животно поединечно.

(4) По исклучок од ставовите (2) и (3) на овој член, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одобри продолжување на максималниот период за идентификација и регистрација за овци и кози одгледувани екстензивно и слободно напасувани, но не подолго од шест месеца од раѓањето.

(5) Одгледувачот е одговорен за навремено обележување и регистрација на животните.

(6) Секое увезено животно од видот овци и кози кое го поминало ветеринарниот преглед на граничната ветеринарна инспекција мора да се идентификува во првото одгледувалиште на истовар во Република Македонија, со ушни маркици во согласност со барањата од овој член во период  не подолг од 30 дена од ветеринарниот преглед на ветеринарната инспекција и во секој случај пред напуштањето на одгледувалиштето.

(7) Оригиналната идентификација воспоставена од земјата на потекло треба да се регистрира во компјутерската база на податоци, како и во регистарот за одгледувалишта, заедно со кодот за идентификација доделен при пристигнувањето во првото одгледувалиште на истовар во Република Македонија.

(8) По исклучок од ставот (6) на овој член животното од видовите овци и кози не е потребно да се идентификува доколку директно се транспортира од граничниот премин до кланицата, каде што е извршен ветеринарен преглед  и животното е заклано во согласност со Законот за ветеринарно здравство.

(9) Секое увезено животно кое потекнува од земја во која се применува системот за идентификација и регистрација на овци и кози на ЕУ, ги задржува оригиналните ушни маркици.

(10) Ушните маркици не смеат да бидат отстранети или заменети без дозвола на Управата за ветеринарство. Доколку ушната маркица станала нечитлива, насилно е оштетена или е изгубена, одгледувачот мора да ја извести Управата за ветеринарство во најкраток можен рок, но не подолг од седум дена од забележувањето на настанот. Во рок од 30 дена од денот на известувањето, Управата за ветеринарство издава замена на ушната маркица која го има истиот код под услов да утврди дека ушната маркица припаѓала на тоа животно. Како додаток на кодот за да се разликува од претходната ушна маркица мора да содржи ознака за редниот број на замената.

(11) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ги пропишува формата и содржината како и рокот и начинот на апликација на средствата за идентификација на животните од видот овци и кози.

## Регистар на одгледувалиште

### Член 11

(1) Секој одгледувач на животни од видовите овци и кози мора да води тековно надополнет регистар на одгледувалиште, рачно или компјутерски, крј ќе ги содржи информациите за одгледувалиштето, за секое животно од видовите овци и кози кои ги одгледува, како и за контролите извршени од Управата за ветеринарство.

(2) Регистарот на одгледувалиште мора да е секогаш достапен на одгледувалиштето на барање на Управата за ветеринарство. Секој одгледувач на барање на Управата за ветеринарство мора да ги обезбеди информациите за потеклото, идентификацијата и каде што е потребно одредиштето на животните каде што тој или таа ги поседувале, држеле, транспортирале, продале или заклале. Податоците од регистарот на одгледувалиштето се чуваат во период не пократок од три години, откако последното животно го напуштило одгледувалиштето.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одобри во случаите од членот 4 став (3) на овој закон да се продолжи максималниот период од појавувањето на настанот до внесувањето во регистарот или до известувањето на Управата за ветеринарство, но не подолго од шест месеца.

(4) Владата на Република Македонија може да пропише посебни правила за движење и регистрирање на овците и козите одгледувани екстензивно и слободно напасувани.

(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ја пропишува формата, содржината, начинот и постапката на водење на регистарот на одгледувалиште.

## Документи за движење

### Член 12

(1) Секое движење на животните од видовите овци и кози мора да биде пропратено со документ за движење, издаден од Управата за ветеринарство и пополнет од одгледувачот.

(2) За животните идентификувани согласно со членот 10 став (2) од овој закон, може да се користат поедноставени документи за движење на група животни.

(3) Одгледувачот на одредишното одгледувалиште мора да ги чува документите за движење во период не пократок од три години од колењето, односно смртта на животното.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ја пропишува формата, содржината и начинот и постапката за издавање и одземање на документите за движење.

## Компјутерска база на податоци

### Член 13

(1) Управата за ветеринарство ќе воспостави компјутерска база на податоци согласно со овој закон, која ги содржи податоците за секое животно од видот овци и кози и за секое одгледувалиште.

(2) Базата на податоци мора да ги овозможи следниве информации во секое време:

- идентификацискиот код на сите животни од видот овци и кози на секое одгледувалиште и
- листа на сите промени на одгледувалиштето за секое животно од видот овци и кози, почнувајќи од одгледувалиштето во кое било родено, односно одгледувалиштето во кое е увезено.

(3) Податоците од ставот (1) на овој член мора да се чуваат во базата на податоци најмалку три години од смртта на животното, односно од моментот кога во одгледувалиштето повеќе нема животни.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ја пропишува, формата, содржината, начинот и постапката на водење на компјутерската база на податоци.

## 4. Идентификација и регистрација на свињи

### Член 14

(1) Идентификација и регистрација на свињи се врши со регистрирање на одгледувалиштата и движењето на свињите од одгледувалиштето во кое биле родени, како и на движењата во и од сите други одгледувалишта, со евидентирање во компјутерската база на податоци.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член мора да се чуваат во базата на податоци најмалку три години од смртта на животното, односно од моментот кога во одгледувалиштето повеќе нема животни.

(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ги пропишува начинот и постапката за идентификација и регистрација на свињите.

## 5. Идентификација и регистрација на копитари

### Член 15

(1) Идентификација и регистрација на копитари (коњи, магариња, маски и мулиња) се врши врз основа на документ за движење издаден од Управата за ветеринарство.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ги пропишува формата, содржината и начинот и постапката за издавање и одземање на документите за движење.

## 6. Идентификација и регистрација на други животни

### Член 16

(1) Системот за идентификација на другите животни овозможува регистрирање на овие животни, одгледувалиштата на кои се чуваат и нивното движење. Со системот за идентификација и регистрација на другите
животни се опфатени животните кои припаѓаат на видовите како што се домашните галеници чувани од физички лица и трговци, како и животните чувани во зоолошки градини, саеми и циркуси и сите други животни кои можат да претставуваат закана за здравјето на животните и здравјето на луѓето.
(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство ги пропишува начинот и постапката за идентификација и регистрација на другите животни, како и ги определува другите животни кои можат да претставуваат закана за здравјето на животните и здравјето на луѓето.

## III. ПРИМЕНА НА ОВОЈ ЗАКОН

### Обука за примена на одредбите од овој закон

### Член 17

(1) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да донесе упатство за спроведување на овој закон.
(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство обезбедува обука за одгледувачите на животни, како и на секое лице овластено за идентификација и регистрација на животните преку семинари и курсеви спроведени од страна на Управата за ветеринарство.

### Надоместоци и трошоци

### Член 18

(1) Средствата за воспоставување на системот за идентификација и регистрација на животните и отпочнување на неговата примена се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, донации и други извори.
(2) Средствата за одржување на системот за идентификација и регистрација на животните до 2008 година се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.
(3) Средствата за основните и оперативните трошоци за одржување на системот за идентификација и регистрација на животните за:
- 2008 година ќе ги покријат одгледувачите на животни во висина од 25 %,
- 2009 година од 50 %,
- 2010годинаод75%,
- а за 2011 година и натаму, целосно се на товар на одгледувачите.

## IV. ПРАВО НА ПРИСТАП И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ

### Право на пристап

### Член 19

(1) Управата за ветеринарство и овластените лица согласно со овој закон имаат право на пристап до одгледувалиштата, животните, објектите каде што се чуваат животните, како и до податоците во врска со животните, одгледувачите и одгледувалиштата утврдени со овој закон.
(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ги преземе неопходните мерки за да се обезбеди пристап до податоците од ставот (1) на овој член на сите заинтересирани лица, вклучувајќи ги и здруженијата на потрошувачите одобрени од Владата на Република Македонија, заради обезбедување на заштита и доверливост на тие податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

### Заштита на податоците

### Член 20

(1) Податоците за одгледувачите и одгледувалиштата на животни кои се чуваат во регистрите и базите на податоци, според овој закон, се строго доверливи и мора да бидат заштитени согласно со прописите за заштита на личните податоци.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците можат да се користат на барање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за ветеринарни и зоотехнички студии и програми чие спроведување се смета за неопходно со претходна согласност на одгледувачите на животни.
(3) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците можат да се користат на барање на здруженијата на потрошувачите по претходна согласност од Советот на потрошувачите и со одобрение на Владата на Република Македонија.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците од компјутерската база на податоци можат да се користат за обележување на говедското месо и месото од други видови животни, како и за производи од говедско месо и производи од месо од други животни, без согласност на одгледувачите на животни.
(5) По исклучок од ставот (1) на овој член податоците можат да се користат за имплементација на национални програми за поддршка на сточарството, без согласност на одгледувачите, но со претходно одобрување
од Владата на Република Македонија.
(6) Податоците од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член не смеат да се објавуваат, доколку постои опасност дека правата за заштита на податоците нема да се почитуваат.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА И ВРШЕЊЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ

### Овластени организации

### Член 21

Идентификацијата и регистрацијата на животните согласно со овој закон ја вршат овластени организации кои претходно склучиле договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за спроведување на ветеринарно- здравствени мерки од јавен интерес согласно со прописите за ветеринарно здравство.

## VI. КОНТРОЛИ

### Надзор

### Член 22

(1) Надзор на спроведување на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него ги врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за ветеринарство.
(2) Надзорот меѓу другото вклучува проверка на стручната работа на овластените организации, вклучувајќи и препораки и рокови за отстранување на утврдените неправилности.

### Инспекција

### Член 23

(1) Работите на инспекцискиот надзор ги вршат ветеринарни инспектори.
(2) Ветеринарниот инспектор според овој закон има право и должност да врши:
- надзор над стручната работа во овластените организации од членот 21 на овој закон,
- инспекциски контроли на самото место (одгледувалишта, кланици, промет, транспорт, овластени организации, пасишта, движење, млекарници итн.),
- утврдување на бројот на животните на одгледувалиштето, како и сите податоци во врска со идентификацијата и регистрацијата за сите животни кои се присутни во одгледувалиштето,
- утврдување на промените во врска со состојбата од претходната година,
- проверки на регистарот на одгледувалишта,
- проверки на ушните маркици,
- проверки на документите за движење, кои се наоѓаат на одгледувалиштето и
- проверки на правилно доставување на податоците до Управата за ветеринарство, централниот регистар на одгледувалишта на животни и компјутерската база на податоци.

(3) При вршењето на надзорот ветеринарниот инспектор има право да:
- бара податоци и известувања од одговорните лица, сведоци, вештаците и други лица, за успешно извршување на својата работа,
- нареди да се отстранат утврдените неправилности и недостатоци кои предизвикуваат несоодветен квалитет или стручност во работењето,
- определи потребни мерки и рокови во кои тие неправилности и недостатоци треба да се отстранат,
- изрече и наплати казна на самото место во случаи определени со овој закон,
- поднесе кривична пријава и пријава за прекршок кога извршеното дејствие има карактер на кривично дело, односно прекршок и
- врши и други работи пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на него.

## Зачестеност на инспекциските контроли

### Член 24

(1) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува минималниот број на инспекциските контроли кои треба да се спроведат со цел да се обезбеди правилно спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните, пропишан со овој закон. Инспекциските контроли секоја година мора да опфаќаат најмалку 10% од одгледувалиштата кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија. Минималната стапка на контроли мора да биде зголемена онаму каде што е утврдено дека идентификацијата и регистрацијата на животните не е во согласност со овој закон.
(2) По исклучок на ставот (1) од овој член, кога компјутерската база на податоци ќе биде целосно оперативна, инспекциските контроли можат да се намалат на најмалку 5 % од одгледувалиштата.
(3) Управата за ветеринарство ги спроведува инспекциските контроли врз основа на анализи на ризик, во кои ќе се земат предвид сите важни фактори, вклучувајќи ги бројот на животните на едно одгледувалиште и бројот на животните идентификувани на едно одгледувалиште, здравјето на луѓето и здравјето на животните, значителни промени во споредба со изминатите години, резултатите од контролите спроведени во претходните години, а особено водење на регистрите на одгледувалиштата, правилно чување на пасошите, односно на документите за движење на животните на одгледувалиштата и правилна комуникација со Управата за ветеринарство и други критериуми кои ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
(4) Инспекциските контроли по правило не се најавуваат однапред, а во случај на претходно најавени контроли, по правило, најавувањето не смее да надмине 48 часа.
(5) За секоја извршена инспекциска контрола се составува стандардизиран извештај што ќе го пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на Управата за ветеринарство, во кој се наведуваат резултатите од контролите, причината за контролите и утврдените неправилности. На одгледувачот или неговиот претставник

мора да му се даде можност да го потпише извештајот и, каде што е соодветно, да се дадат нејзини/негови забелешки на содржината на истиот.
(6) По правило, сите животни на едно одгледувалиште треба да бидат опфатени со овие контроли, меѓутоа доколку од практични причини ова не е можно, Управата за ветеринарство може да обезбеди соодветно избран систем на контроли, доколку се осигура задоволително ниво на контрола.
(7) Управата за ветеринарство поднесува годишен извештај со податоци за извршените контроли до Владата на Република Македонија, во стандарден формат, што го пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Мерки**

**Член 25**

(1) Доколку едно или повеќе животни на одгледувалиштето не исполнуваат ниту една од одредбите на членот 4 од овој закон, ветеринарниот инспектор изрекува мерка ограничување (забранување) на движењето на сите животни во и од тоа одгледувалиште.
(2) Доколку одгледувачот на животното не може да го докаже идентитетот на животното во рок од два работни дена, ветеринарниот инспектор изрекува мерка уништување на животното, под надзор на ветеринарен инспектор без надоместок, на трошок на одгледувачот.
(3) Во случај кога животните не ги исполнуваат во целост условите за идентификација и регистрација пропишани со членот 4 од овој закон, ветеринарниот инспектор веднаш изрекува мерка ограничување на движењето само за тие животни, додека не се исполнат условите во целост.
(4) Доколку бројот на животните на едно одгледувалиште, за кои условите за идентификација и регистрација пропишани со членот 4 од овој закон не се исполнети во целост, надминува 20% од вкупниот број животни на тоа одгледувалиште, ветеринарниот инспектор веднаш изрекува мерка ограничување на движењето на сите животни кои се наоѓаат на тоа одгледувалиште, а за одгледувалиште со не повеќе од десет животни, овие мерки мора да се преземат доколку повеќе од две животни не се идентификувани во согласност со одредбите на овој закон.
(5) Доколку одгледувачот не ја извести Управата за ветеринарство за движењето во и од одгледувалиштето согласно со членовите 7 и 11 од овој закон, ветеринарниот инспектор ќе изрече мерка ограничување на движењето на животните во и од тоа одгледувалиште.
(6) Доколку одгледувачот не ја извести Управата за ветеринарство за раѓање или смрт на животното согласно со членовите 7 и 11 од овој закон, ветеринарниот инспектор ќе изрече мерка ограничување на движењето на животните во и од тоа одгледувалиште.
(7) Доколку одгледувачот не го плати надоместокот на трошоците од членот 18 на овој закон, Управата за ветеринарство може да го одложи или да го одбие издавањето на документите за движење на животните на тој одгледувач. Во случај на постојан пропуст од страна на одгледувачот да го

плати надоместокот, ветеринарниот инспектор ќе изрече мерка ограничување на движењето на животните во и од тоа одгледувалиште.

(8) Во итни случаи ветеринарниот инспектор може да издаде и усна наредба, а најдоцна во рок од три дена од денот на издавањето на усната наредба е должен да издаде решение во писмена форма.

**Жалба**

**Член 26**

(1) Против решението на ветеринарниот инспектор може да се поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.

(2) Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Прекршоци**

**Член 27**

(1) Со парична казна од 220.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:

1) не го идентификува животното согласно со членовите 6, 10, 15 и 16 од овој закон;

2) ги отстранува или заменува средствата за идентификација на животното без дозвола на Управата за ветеринарство (членови 6 и 10);

3) не води и не го одржува тековно регистарот на одгледувалиштето (членови 7 и 11);

4) не ги чува податоците согласно со членовите 7 и 11 од овој закон;

5) не ја известува Управата за ветеринарство за сите движења на животните во и од одгледувалиштето и за сите раѓања и смрт на животните во одгледувалиштето согласно со членовите 7, 11 и 14 од овој закон;

6) не го врати, односно предаде пасошот или другиот документ за движење согласно со членовите 8 и 12 од овој закон;

7) не го предаде привремениот документ согласно со членот 8 од овој закон и

8) не дозволи вршење на инспекциски надзор согласно со членовите 23 и 24 од овој закон.

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член ќе се казни со парична казна од 30.000 до 40.000 денари и одговорното лице во правното лице.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај паричната казна на правното лице ќе се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на дејност за време од шест месеца до три години.

(4) За прекршоците од ставот (1) на овој член покрај паричната казна на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и мерка на безбедност забрана за вршење на професија или должност за време од шест месеца до една година.

**Член 28**

(1) Со парична казна од 20.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице ако стори некое од дејствијата од членот 27 на овој закон.
(2) Покрај паричната казна од ставот (1) на овој член на физичкото лице ќе се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на дејност од три месеца до една година.

**Член 29**

Ветеринарниот инспектор може на правното лице да му изрече казна на самото место за дејствијата од членот 27 став (1) на овој закон, во висина до 100.000 денари, односно за истите дејствија на одговорното лице во правното лице, како и на физичко лице во висина од 10.000 денари.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

(1) Прописите за животните од видот говеда утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, а за другите фармски и други животни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

**Член 31**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат членовите 5 и 6 на Законот за сточарство ("Службен весник на Република Македонија" број 61/97).

**Член 32**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".